Врз основа на член 4 од Правилникот за утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во Градот Скопје од бр.08-5408/1 од 23.05.2023 година, а во врска со Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на подрачјето на Град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 08/23), Градот Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје

**1. Предмет и цел на јавниот повик** е субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје. Градот Скопје има за цел да го поттикне развојот на традиционалните занаети преку субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје, и тоа со парична субвенција од 10.000 денари.

Согласно Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на подрачјето на Град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.08/23) од Буџетот на Град Скопје одобрени се средства во висина од 1.000.000,00 денари.

**2. Право на учество на јавниот повик имаат:**

- Занаетчии кои не добиле буџетски средства од проекти за субвенционирање од Град Скопје во тековната година;
- Занаетчиите кои се регистрирани согласно Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) и оние кои имаат занаетчиска дозвола и обавуваат занаетчиски дејности во изумирање, кои согласно обработените податоци бележат намалување на активноста во континуитет, и тоа следните занаети: јорганџија, опинчар, јажар, крзнар, грнчар, шапкар, ковач, лимар, казанџија, копчар, свеќар, венци, сита, саатчија, ракотворби-корпар, ракотворби-изработка на сувенири, домашна ракотворба, изработка на филигран, накит и слични производи, производство на музички инструменти и самарџија.

**3. Потребни документи за пријавување:**

- Пополнето Барање;
- Решение за упис во Регистар на занаетчии, занаетчиска дозвола;
- Тековна состојба од Централниот регистар на РСМ не постара од 6 (шест) месеци;
- Подмирени обврски кон Град Скопје (комунална такса - фирмарина и данок на имот) доколку дуќанот е во сопственост на подносителот на барањето. Проверка ќе се врши по службен пат во Град Скопје;
- Изјава од барателот дека досега не користел средства од Град Скопје за ниту една од намените во тековната година.

**Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копии заверени на нотар.**
**Ненавремена и нецелосна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.**

**4. Субвенционирање на трошоци**

- Барањата од занаетчиите ќе ги разгледува Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје, формирана од Градоначалникот на Град Скопје. Изборот на барателите кои ги исполнуваат условите утврдени во Јавниот повик, ќе се прави запазувајќи го принципот “прв дојден, прв услужен“, односно по редослед на поднесени барања, до исцрпување на расположивите средства.
- По изборот на барателите кои ги исполнуваат условите Градоначалникот на Град Скопје ќе донесе решение со кое се усвојува барањето за субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје, и тоа со парична субвенција од 10.000 денари.
- Еден барател може да користи субвенција само еднаш по објавен јавен повик во тековната година.

Јавниот повик е објавен и на веб страницата www.skopje.gov.mk

**5. Рок и начин на поднесување на барањата**

**Поднесување барање во хартиена форма**
Барањето за субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје со комплетна документација треба да се достави во затворен плик на адреса: **Град Скопје, Сектор за локален економски развој, бул. “Илинден“ бр.82, 1000 Скопје** (со назнака – Пријава за јавен повик за субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје), **најдоцна до 01.12.2023 година.**

Доколку бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Градот Скопје ќе го објави завршувањето на Јавниот повик преку својата веб страна.
Исплатата на одобрените средства ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања по принципот “Прв дојден прв услужен”, врз основа на решение за усвојување од Градоначалникот на Град Скопје. Во случај на неприфаќање на барањето, подносителот за тоа писмено се известува.
Барањата за субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање во градот Скопје се достапни во Архива на Град Скопје, просториите на Град Скопје, Одделение за поддршка на развој на занаетчиство и трговија и на веб страницата www.skopje.gov.mk.
Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Сектор за локален економски развој.
**Контакт тел: (02) 3297-284, www.skopje.gov.mk,** е-маил адреса: Biljana.Stojmanovska@skopje.gov.mk

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**
Данела Арсовска